# Australian Macedonian TODAY

33 YEARS

Австралиско Македонски ДЕНЕС

YEAR XXXIV No 1957 | 19 APRIL 2024 | FREE



FREE DIGITAL EDITION

SCAN the QR CODE

SIGN UP NOW!

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe











## САМО СПОРЕДЕТЕ КОЛКУМИНА СЕ ОДЛИКУВАНИ А КОЛКУМИНА СЕ АМНЕСТИРАНИ ЗА ПОСЛЕДНИТЕ 30 ГОДИНИ - ПА ЌЕ ВИ СТАНЕ ЈАСНО ШТО СЕ ПРАВИ ВО МАКЕДОНИЈА

# За една година се затвориле 15 основни училишта во Македонија

### Во меѓувреме бројот на наставници во основното образование се зголемил за 283 наставници, односно од 19.326 на 19.609



Во рок од една година се затвориле вкупно 14 редовни основни училишта во Македонија. Од 976 основни училишта во 2021/2022 година, во 2022/2023 овој број се намалил на 962, покажуваат податоците од Државниот завод за статистика.

Затворено е и едно специјално основно училиште.

Бројот на паралелки за една година се намалил од 11.057 на 10.997, а бројот на ученици од 184.910 на 182.245, што е намалување за 1,6%, во однос на претходната учебна година.

Во средното образование пак, за една година, бројот на ученици се намалил за 2.700, а бројот на паралелки за 49. Бројот на средношколци изнесува 67.278, што е - 2,8% во однос на претходната учебна година.

### Македонија, Хрватска и Бугарија бележат најголем пад на населението во последната деценија

Студија откри јасен тренд на опаѓање на населението во Југоисточна Европа, при што Македонија, Хрватска и Бугарија доживуваат најголема загуба на население во последната деценија.

Македонија има пад на населението од 11% од 2012 година, додека Хрватска и Бугарија изгубиле над 9% од своите жители.

Србија и Босна и Херцеговина, исто така, забележаа значителен пад на населението, при што демографските податоци покажуваат загуба од 7,68% и 6,74% (податоците од БиХ не се целосни).

Романија изгуби најмногу население во апсолутна вредност, со 1 милион жители помалку за 10 години, што е пад од 5%.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: denes@westnet.com.au

# Во ДЗС остана само еден пилот – нема кој да ги гаси шумските пожари



Од тројца пилоти со кои располагаше Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС), оваа година остана само со еден, бидејќи двајца во јануари исполниле услови за старосна пензија. Директорот на ДЗС, Беким Максути, за МИА изјави дека дополнителен предизвик ова лето ќе биде справувањето со шумските пожари, бидејќи минатата година во борбата со пожарите за првпат по 2009 година биле ангажирани сите три „ер-трактори".

– Доколку Владата не го сфати сериозно овој проблем се доведува до прашање и постоењето на авио-одделението во ДЗС, зашто Европската асоцијација за цивилно воздухопловство (ЕАСА) има критериуми за кадровска пополнетост и ако не ги исполнуваме ќе ни ја одземе лиценцата за воздухопловство, а тоа значи дека нема да можеме да ги користиме и тие авиони што ги имаме, истакнува Максути.

Авионите на шпанскиот производител „Air Tractor" важат за најкомплицираните за управување. Од пет пилоти кои биле примени изминативе неколку години во ДЗС само еден успеал да ја заврши дообуката и да добие сертификат за управување со „Air Tractor".

– Минатата година изгубивме уште двајца пилоти кои не положија, односно не ги исполнија критериумите што беа побарани, без разлика што двајцата се искусни пилоти и летале со други авиони многу долго, но кога се работи за ваков тип на летало, сепак е предизвик, вели Максути.

Посебен проблем е и тоа што пилотите во ДЗС имаат многу мали плати, споредено со оние во МВР и Армијата. И не можете да позајмите пилоти од таму зашто тие летаат на хеликоптери, а ваму се авиони.

# „Дури не легни некој затвор 20 години вака ќе биди", велат битолчани за пожарот на Баба Планина

**РЦУК** Битола информира за пожар над с.Острец на Баба Планина, каде што гори папрат и шума, а биле известени во ЈП „Национални шуми", подружница „Баба".

Пожарот бил активен и над с.Велушина.

Интервенирале четири лица од ЈП „Национални шуми" подружница Кајмакчалан од Битола и четири пожарникари со две ПП возила од ТППЕ Битола коишто се повлекле затоа што теренот е непристапен.

Со пожарот не се загрозени населени места.



Бабам Битола / Babam Bitola
on Sunday

Дури некој затвор не легни 20 години за овие пожарите вака стално ќе биди. Голем пожар во моментот е активен на Баба планина и е закана за НП Пелистер.







# Во Сиднеј со нож нападнат владика на Антиохиската црква




Владика на Антиохиска црква и неколку верници се повредени во напад со нож кој се случи во црквата „Христос Добриот Пастир“ во Wakeley, во југозападен Сиднеј.

Владиката Мари Емануел во понеделникот држел богослужба кога напаѓачот му пришол и му нанел повеќе убодни рани со остар предмет.

На вознемирувачкото видео, што во живо се пренесуваше на Јутјуб каналот на црквата, се гледа како епископот Емануел зачудено го подигнува погледот, додека напаѓачот изненадувачки го напаѓа со нож и повеќе пати го прободува во телото и вратот.

Владиката паѓа на подот, се слушаат врисоци а повредени се уште три лица додека се обидувале да го совладаат напаѓачот. Ниту еден нема повреди опасни по живот.

Австралиската Влада соопшти дека овој напад се третира како терористички акт.

### МОТИВ ЗА НАПАДОТ:

## Му го навредувале Пророкот

Полицијата го уапси 16-годишното момче кое, според снимките, има израз дека се смее додека лежел совладан. Напаѓачот наводно изјавил дека тоа го прави од одмазда.

„Да не го навредуваа мојот Пророк, немаше да дојдам овде“, вели тој на арапски на видеото кое е објавено по нападот.

Полицијата на Нов Јужен Велс потврди дека напаѓачот ѝ бил познат. Тој бил совладан од верниците и моментално се лекува од повреди на раката. Помошникот на полицискиот комесар Ендрју Холанд не сакаше да одговори на прашањето дали има вистина во гласините дека прстот на момчето бил отсечен како одмазда по нападот.

- Извештаите се дека има повреди на рацете – не знам колкав е обемот на тие повреди во овој момент. Повредите на раката му се доста тешки, додаде Холанд.

Во меѓувреме, полицијата продолжува да работи на воспоставување ред.

## По нападот сакаа да го линчуваат терористот

По нападот толпа од околу 2.000 луѓе се собра во близина на црквата и избувнаа немири по што полицијата мораше да преземе мерки (со употреба и на солзавец) за да воспостави ред. Биле повредени неколку полицајци.

Толпата со часови не сакала да се разотиде, барала да го линчува напаѓачот и повикувала дека ќе се одмаздат „око за око“.

Премиерот на НЈВ, Крис Минс, изјави дека местата за богослужба се за мир и молитва. Луѓето кои се собираат таму не треба никогаш да се чувствуваат загрозени или небезбедни, без оглед на нивната вера.

Додаде дека сите верски водачи кои претставуваат разни верски заедници на Нов Јужен Велс, објавиле заедничка декларација дека се против сите облици на омраза и насилство:

„Се молиме за жртвите и ги повикуваме нашите заедници да ја пренесат нашата порака на грижа и сожалување со сите.

Имаме доверба во нашата полиција и во службите за интервенирање, и имаме целосна доверба во нивната работа. Полицијата никогаш не треба да биде напаѓана затоа што ја чува безбедноста на нашите заедници. Сцените што ги видовме после нападот се неприфатливи за сите, а особено за верниците. За верниците, религијата никогаш не е оправдување за насилство“.



# ДОЗВОЛА ЗА КРАДЕЊЕ

### Само споредете колкумина се одликувани а колкумина се амнестирани за последните 30 години - па ќе ви стане јасно што се прави во Македонија




Не ја следам изборната кампања.

Штом видам некој македонски политичар на телевизија не го ни слушам што има да каже. Веднаш вртам на канал со криминалистички серии и филмови. Таму барем приказната има крај. Криминалците ги фаќаат и ги судат. А кај нас нема крај. И да го фатат крадецот, ќе го пуштат. Или ќе му застари делото. Или ќе го амнестира шефот на државата. И иако против него се воделе истраги и имало судски процеси, пак може да се кандидира за пратеник. И дури и да е на црна листа на САД со сериозни сознанија за корупција, пак може да се кандидира за претседател на државата. И да биде градоначалник. А ако победи неговата партија, ќе ни стане и некој министер.

За сите нив нема кривична, ама има политичка одговорност. Џанам страшна работа. Гледам многу тешко им паѓа политичката одговорност. Од телевизија не се имаат симнато, од билборди ни се смеат во лице.

Погледнете ги само колку страдаат од политичка одговорност сите што ги гледавме по судниците со години на кои Собранието им ги застаре делата. Ептен се намачени. Еве на пример, најтешко му паѓа политичката одговорност на Никола Груевски. Не оти треба да учи унгарски за да му тргне бизнисот во Будимпешта. Туку не смее да пропушти ниту еден празник да не ни честита на фејсбук.

Во Македонија е докажано дека одговорноста на политичарите завршува на денот на гласањето. На тие што ќе ги изгласаме да победат на избори веднаш им даваме дозвола за крадење. (Извадок од колумна „Сакам да кажам“ на Горан Михајловски)



# Демант за информациите дека Јапонија ќе стане членка на АУКУС

*Австралија* ги демантираше извештаите дека *Јапонија* наскоро ќе се приклучи на одбранбената алијанса *АУКУС*, која ги вклучува *Австралија, Велика Британија* и *САД*. Австралиските власти соопштија дека секоја соработка со земји кои не се членки на асоцијацијата ќе биде само на индивидуални проекти.




Австралискиот премиер **Ентони Албанезе** рече дека *Јапонија* е близок партнер на *АУКУС*, но истакна дека нема планови за прием на четврта членка во сојузот. **Албанезе** ова го изјави на прес-конференција неколку часа откако министрите за одбрана на земјите од *АУКУС* изјавија дека ќе ја разгледаат соработката со *Јапонија* за воено-технолошки проекти.

**Албанезе** појасни дека се работи за соработка на конкретни проекти и оти *Јапонија* е природен кандидат за таква соработка со *АУКУС*. Тој беше категоричен дека не се планира прифаќање на нов член во сојузот.

*АУКУС* го основаа *Австралија, Велика Британија* и *САД* во 2021 година.

# Заеднички систем за противвоздушна одбрана

*САД, Јапонија* и *Австралија* почнуваат заеднички систем за противвоздушна одбрана. Ова го соопшти американскиот претседател **Џо Бајден** за време на средбата во Белата куќа со јапонскиот премиер **Фумио Кишида**. Посетата е фокусирана на зајакнување на врските меѓу овие земји.

*„За прв пат Јапонија, САД и Австралија ќе создадат мрежа од ракети за противвоздушна одбрана и одбранбена архитектура"*, рече **Бајден** на заедничката прес-конференција со **Кишида**. Претседателот исто така рече дека Јапонец ќе биде првиот неамериканец кој ќе стапне на Месечината.

*„Двајца јапонски астронаути ќе учествуваат во идните американски мисии, а еден од нив ќе биде првиот неамериканец кој ќе стапне на Месечината"*, рече **Бајден**.

Јапонскиот премиер **Кишида** од своја страна повика на мир и стабилност по прашањето на *Тајван* во контекст на тензиите со *Кина*.

*„Ја истакнавме важноста на мирот и стабилноста во Тајванскиот теснец и ја потврдивме нашата позиција за промовирање мирно решение за прашањата меѓу двете страни на теснецот"*, рече **Кишида**. Тој појасни дека со **Бајден** разговарал за различни прашања, вклучувајќи ги *Кина*, *Северна Кореја* и плановите за зајакнување на одбранбените сили на *Јапонија*.

*„Се согласивме дека нашите две земји ќе продолжат да одговараат на предизвиците во врска со Кина преку тесна соработка. Во исто време, го потврдуваме продолжувањето на нашиот дијалог со Кина и соработката со Кина за заедничките предизвици"*, рече **Кишида**.

# Крајбрежјето и понатаму достапно

Според најновите податоци на *PropTrack*, регионалниот пазар на *Квинсленд* е најсилниот пазар во земјата од почетокот на пандемијата, каде што цените на куќите се зголемија за 66.5 отсто од 2020 година. Регионот *Вајд Беј* (во северниот дел на *Квинсленд*) меѓу *Гимпи* и *Бандеберг* е на врвот на листата, бидејќи недвижностите поскапеа за 80.5 отсто во истиот период. *Ипсвич, Логан-Бодесерт* и *Златниот брег*, исто така, бележат зголемување на вредноста на куќите за над 70 отсто.




Според *Core Logic*, просечната цена на куќа во *Бандеберг* е $522.607, *Гимпиј* е $629.775, а во *Мериборо* изнесува $484.153. Во меѓувреме, просечната цена на куќа во *Нуса* е $1.461.581, а во *Бризбејн* $817.564. Директорот за истражување во *Core Logic*, **Тим Лолес**, верува крајбрежните области доживеале особен раст од почетокот на пандемијата. Тој рече вредноста на куќите во плажата *Мур Парк*, едно од попристапните крајбрежни предградија во регионот на *Вајд Беј*, порасна за 82.5 отсто. Според него, и покрај скокот на цените, крајбрежните куќи во регионот и понатаму се подостапни во споредба со југоисточен *Квинсленд*. *„На плажата Мур Парк или Баргара или Инес Парк, се уште имаме куќи кои се многу под $750.000. Споредете го тоа со крајбрежниот пазар околу југоисточен Квинсленд и ќе видите дека е исклучително евтин"* - рече **Лолес**. Истакна дека миграцијата е главниот фактор за притисок врз регионалниот пазар на недвижности и пазарот на изнајмување, иако е намален од крајот на пандемијата. *„Сведоци сме на многу силна миграција во Квинсленд, која е меѓудржавна или доаѓа од странство. Регионалниот Квинсленд во голема мера е меѓудржавен тренд, а не е поттикнат од прекуморските мигранти, но вкупниот раст на населението се уште е многу силен"* - објасни **Лолес**.

Освен тоа, понудата на станбени објекти не ја задоволува побарувачката. *„Бројот на нови домови кои се градат не е доволен за бројот на луѓе кои доаѓаат во државата. Имајќи го тоа на ум, постојат ограничувања и кога станува збор за недвижности за продажба, но и за изнајмување, бидејќи и стапките на кириите растат континуирано и многу брзо"* - потенцира **Лолес**. **Курт Демпси**, агентот за недвижнини при *Бандеберг*, вели локалниот пазар привлекува купувачи кои продале и заработиле на недвижности на некое друго место, а сега го посакуваат начинот на живот на плажа по пониска цена. *„Го бараат следниот Сончев брег. Баргара, Мур Парк и Бернет Хедс се оние мали скриени скапоцени камења, кои сега почнуваат да се откриваат"* - објасни **Демпси**. Според него, регионалниот *Квинсленд* традиционално е познат по своето „бавно и стабилно" пазарно темпо, кое само се чинеше дека оди наназад по растот за време на пандемијата.

Сопственикот на водоводџиска компанија вели планираните инфраструктурни проекти, вклучувајќи ја и градбата на новата болница *Бандеберг* вредна $1.2 милијарди и крајбрежниот начин на живот е причината за зголемената привлечност на овој регионалниот дел на државата.




Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

# Мелбурн и Сиднеј и понатаму најбрзо растат



Најголемите градови во *Австралија, Сиднеј* и *Мелбурн*, имаат најголем удел во вкупниот раст на населението во последната финансиска година. Според податоците кои оваа недела ги објави *Австралиското биро за статистика (АБС)*, најмногу нови жители во 2022-2023 година добил *Мелбурн*, 167.500, додека *Сиднеј* „порасна" за 146.700 жители. Овие два града на 30 јуни 2023 година, заедно имаа 10.657.641 жители (*Сиднеј* 5.450.496, а *Мелбурн* 5.207.145), односно речиси 40 отсто (39.91%) од вкупната австралиска популација, која во тоа време изнесуваше околу 26.700.000 луѓе.

Но ако гледаме во проценти, најголема стапка на раст има *Перт*, чие население се зголемило за 3.6 отсто, односно 81.318 жители повеќе, па главниот град на *Западна Австралија* сега има 2.309.338 жители. Гледајќи ги сите главни градови на државите и териториите заедно, нивната збирна популација пораснала за над половина милион луѓе (517.200), додека населението во регионите се зголемило за 117.300 во минатата финансиска година. Осумте главни градови вкупно имаат речиси 18.000.000 луѓе (17.991.281), додека во остатокот од земјата живеат помалку од 10 милиони.

Иако *Мелбурн* забележа најголем раст на населението досега, *Сиднеј* останува најпривлечен австрлиски град за доселениците од странство. Дури 156.616 нови имигранти пристигнале во пристанишниот град во текот на 2022-2023 година, додека во *Мелбурн* се населиле 146.772 имигранти од други земји. Имигрантите во значителна мера се одлучуваат и за *Перт* (59.331) и *Бризбејн* (51.801), многу помалку за *Аделаид* (26.471), додека бројот на нови имигранти е скромен во *Канбера* (8.541), а речиси занемарлив во *Хобарт* (2.780) и *Дарвин* ( 2.591). Уште една значителена демографска компонента во која *Сиднеј* доминира е природниот прираст. Во најголемиот град во *Австралија* во 2022-2023 година, имало 28.511 новороденчиња повеќе од смртни случаи, додека овој раст во *Мелбурн* изнесувал 27.390. Голем природен прираст има и *Бризбејн*, (14.087), по него следи *Перт* со 11.329 новороденчиња повеќе од смртни случаи. Најмал природен прираст има *Хобарт*, само 346

Имајќи предвид дека *Сиднеј* води и според бројот на странски доселеници и според природниот прираст, сигурно се прашувате како тогаш *Мелбурн* во вкупниот збор забележал поголем пораст на населението. Одговорот се крие во фактот што *Сиднеј* е град кој во минатата економска година го напуштија најмногу жители кои решиле да се преселат во некоја друга средина во Австралија. Дури 38.425 луѓе го замениле главниот град на *Нов Јужен Велс* за некоја друга локација во земјата. Според оваа демографска компонента, *Сиднеј* е убедливо прв, бидејќи ниту еден друг град не изгубил ниту приближен број жители во внатрешната миграција. Втор на листата е повторно *Мелбурн* со само 6.678 жители кои се иселиле. Уште четири главни градови забележаа загуба на население според овој параметар, додека само *Бризбејн* и *Перт* се градови кои го зголемија своето население преку миграција на луѓе од други австралиски градови. Како и претходните години, *Бризбејн* беше магнет за внатрешните мигранти, бидејќи во сончевиот главен град на *Квинсленд*, пристигнале 15.332, додека 10.658 домашни мигранти се преселиле во *Перт*. Демографите сметаат доколку овој тренд на раст продолжи и во наредните години, *Мелбурн* до 2030 година би требало да ја преземе круната од Сиднеј и да стане град со најмногу жители во *Австралија*. Меѓутоа, слични проценки беа актуелни и во текот на минатата деценија, но долго најавуваната промена се уште не се случила.

*Мелбурн*, исто така, бележи значителен раст благодарение на населувањето во предградијата на периферијата на градот, а меѓу нив води *Рокбенк*, каде се доселиле дури 4.300 луѓе во минатата финансиска година. Веднаш потоа следат населбите *Фрејзер Рајз* и *Миклехам*, додека од населбите кои се најблиску до центарот на градот, најмногу растеле *Клејтон Норт* и *Нотинг Хил*, со 19 отсто повеќе жители. *Сиднеј* најмногу растел кон северозапад, и тоа населбите *Марсден Парк* и *Шејнс Парк*, со по 3.900 нови жители, а потоа следат *Бокс Хил* и *Нелсон*, со само малку помал пораст на населението.

Надвор од главните градови на државите и териториите, најголем раст на популацијата во финансиската 2022-2023 година, забележаа *Калундра* и *Баринга* на *Сончевиот брег* на *Квинсленд*. Во овие две соседни населби, бројот на жители е зголемен за 1.700, што воедно е и највисока стапка на раст за регионалните средини, 9.8 отсто за 12 месеци.

## Население во главните градови

| Град | Број на жители | Годишен раст | Годишна стапка на раст |
|---|---|---|---|
| Сиднеј | 5.450.496 | 146.702 | 2.8% |
| Мелбурн | 5.207.145 | 167.484 | 3.3% |
| Бризбејн | 2.706.966 | 81.220 | 3.1% |
| Аделаид | 1,446,380 | 28,057 | 2.0% |
| Перт | 2.309.338 | 81.318 | 3.6% |
| Канбера | 466.566 | 9.651 | 2.1% |
| Хобарт | 253.654 | 1.165 | 0.5% |
| Дарвин | 150.736 | 1.582 | 1.1% |
| Главните градови вкупно | 17.991.281 | - 517.179 | - 3.0% |

* *Годишни податоци на АБС за 30 јуни 2023 година.*


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

✓ TAC
✓ WorkCover
✓ Slips & Falls
✓ Superannuation TPD
✓ All Injury Claims
✓ Free First Appointment
✓ Speak Macedonian
✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

✓ Сообраќајни повреди
✓ Повреди на работа
✓ Суперануација и траен инвалидитет
✓ Сите видови на повреди
✓ Првата средба е бесплатна
✓ Зборуваме Македонски
✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди




JOHN DELLIOS & ASSOCIATES
LAWYERS
183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000

### СИЛЈАНОВСКА ДАВКОВА:

# Ми префрлаат за возраста, но таа значи мудрост - и ќе победам

На изборните митинзи кандидатите за шеф на државата деновиве си упатуваат вербални „удари под појас". ВМРО-ДПМНЕ многу бурно реагираше поради изјавата на еден поддржувач на Стево Пендаровски кој на митинг на СДСМ во Куманово во микрофонот рече: „Од баба невеста не бидува"! (очигледно насочено кон Гордана Силјановска-Давкова).



Одговорот на кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ беше:

- Ќе се послужам со една анегдота на Роналд Реган кој во една прилика рече: „Ми зборувате за мојата старост, но јас нема да зборувам за вашата младост - и ќе победам". Во антиката возраста значела и мудрост. А со мене е се во ред и физички и психички. И подготвена сум за дебата, ама никако да се согласат за дебата пред одговорни новинари, рече Силјановска -Давкова.

Додаде дека многу се зборува за владеењето на правото и оцени дека во Македонија има „владеење на конзули", односно имаме владеење на недемокати, што е голем проблем за државата. Затоа немаме вистински актери за да се реализираат вистински проекти од интерес за државата.

- Оценката на „Фридом хаус" е дека имаме цикличен режим, режим што се врти во круг. Затоа ни се случува најголема сиромаштија, смртност, партизирано судство, Уставен суд кој не ги штити законите, абнормален број на факултети кои печатат дипломи одкаде имаме вработувања во државните институции кои го кршат костурот на државата. Кога нема мерит систем, кога не доаѓаат најспособните на важни места, добивате лица кои аздисуваат без знаење и стручност. Тоа се луѓе кои ве убедуваат дека се тука заради вас. И ви велат дека застапуваат европски стандарди, рече Силјановска-Давкова на митинг во Прилеп.

## Не се сеќавам на Пендаровски како студент

Говорејќи на митингот во скопски Центар, Силјановска-Давкова, меѓу другото, од позиција на долгогодишна професорка на Правниот факултет „Јустинијан Први" при УКИМ, кажа дека никогаш не говори за своите студенти, но дека најдобрите од нив никогаш не ги заборава. За актуелниот претседател Стево Пендаровски, кој своето високо образование го има завршено на овој факултет, рече дека не го памети како студент.

- Никогаш не говорам за студентите, ама најдобрите не ги заборавам, секогаш кажувам сѐ. Не го помнам како студент. Знам дека, ете, магистрирал и докторирал откако ги усовршил аналитичките способности во Министерството за внатрешни работи, „пецна" Силјановска-Давкова.

На еден од претходните митинзи таа рече дека од позиција на шеф на државата не би можела да го предложи Стево Пендаровски за судија во Уставниот суд зашто, како што кажа, критериумите кои таа ги има за уставни судии се многу високи.


Reg. No. A0042461G · АХАМ BRIDGE OF HUMANITY · ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА



Места каде се издаваат и примаат кутиите

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:**
Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:**
Целе Велјановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:**
Кинг Фреш Бурек 9401 4777,
Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:**
Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:**
Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045
Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:**
Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса


### ДИМИТРИЕВСКИ:

# Претседателските кандидати од помалите партии се невидливи за јавноста

Кандидатот за претседател на Движењето ЗНАМ (За наша Македонија), Максим Димитриевски, оцени дека претседателските кандидати од помалите партии се речиси невидливи за јавноста, а кампањата не е еднаква за сите.



- Сакам да упатам апел до сите мои противкандидати, првенствено до двајцата најфаворизирани од македонскиот и двајцата најфаворизирани од албанскиот политички блок, да не бегаат од дебата, да им дадат можност на граѓаните да ги слушнат плановите и визиите на сите нас, да кажеме што планираме да работиме од позиција на шеф на државата ако бидеме избрани. Во спротивно, ќе сметам дека бегаат од јавна дебата зашто немаат што да им понудат на граѓаните. Во оваа држава, покрај партиските членства, живеат и други граѓани и имаат право да слушнат што идниот претседател планира да изреализира од позицијата што ќе ја добие. Недозволиво е за претседателските кандидати кои се најфаворизирани во сите средства за јавно информирање, да бегаат од јавна дебата. Ние, како претставници на граѓаните со граѓанска иницијатива или претставници на мали политички субјекти, сме незабележителни во делот на информирањето, додека останатите кандидати се секојдневно присутни на сите медиуми во закупениот медиумски простор што го налага законот. Не сме еднакви, истакна Димитриевски.

# Бајер: Знам со сигурност дека ВМРО-ДПМНЕ е за уставните измени и очекувам да се донесат по изборите

Со сигурност знам дека ВМРО-ДПМНЕ сака да го измени Уставот, но поради процедурите и однесувањето на Бугарија сметаат дека сега не е поволен период, истакна Петер Бајер, пратеник во Бундестагот од редовите на германската политичка партија ЦДУ.



Тој во дневникот на „Сител" телевизија кажа:

– Подолг период претставници на ВМРО-ДПМНЕ патуваат низ ЕУ а зборуваат и со Американците кои секогаш играат важна улога кога станува збор за овој регион. Од сите разговори кои ги имавме последниве години во Брисел и Берлин сум просведочил за многу проевропски позиции на ВМРО-ДПМНЕ и знам со сигурност дека тие сакаат да се измени Уставот. Ни објаснија кој е нивниот наратив и аргументи, и јас и останатите можевме да ја сфатиме логиката - велеа не сега поради процедурите на измена на Уставот, но исто така и поради однесувањето на Бугарија и некои од нејзините највисоки претставници. Имам силно разбирање зошто ВМРО-ДПМНЕ дејствуваше така како што дејствуваше. Така што мислам дека се проевропски, но треба да ги зголемат напорите за воспоставување на кредибилитет во смисла на тоа дека стојат зад уставните измени веднаш штом формираат влада, рече Бајер.

Потенцира дека било која идна влада ќе мора да го реши ова прашање. Очекувањата се дека идната влада ќе ги спроведе уставните измени до крајот на оваа година.

### ПЕНДАРОВСКИ:

# Ако Мицкоски се чувствува како наследник на Михајлов, се чувствува како Бугарин!?



На собирот во Ѓорче Петров (Скопје) Стево Пендаровски беше прашан за коментар во однос на прекорот што деновиве го упати Христијан Мицкоски, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, оти изјавил дека Гоце Делчев е Бугарин. Актуелниот шеф на државата кој е во кампања за втор мандат одговори:

- Значи дали некој се чувствува како Бугарин или како Македонец тоа е лично чувство и во тоа не се задира. Меѓутоа кој како се декларирал. Значи за што сакаат да зборуваме? За тоа дека половина Извршен комитет му се Бугари по пасош, затоа што се декларирани како такви од дедо-прадедо или за тоа што се случило пред 120 години? Ако тие негови најблиски соработници во 2024 година или 2020 година се декларираат како Бугари, што очекуваме во време кога не постоела македонска држава, кога ние не сме можеле слободно да ја изразиме нашата волја? Македонската јавност треба да знае дека претседателот на главната опозициона партија се смета себеси за наследник на Ванчо Михајлов. Да повторам уште еднаш – значи Христијан Мицкоски вели дека Ванчо Михајлов бил претседател на историското ВМРО – тоа е на денешното ВМРО-ДПМНЕ. Тоа било исто. Ако тој се чувствува, како што се чувствувал Ванчо Михајлов, како наследник негов, значи и тој е етнички Бугарин, одговори Пендаровски.

Во однос на изјава на главната негова опонентка, кандидатот за претседател на државата од ВМРО-ДПМНЕ, Гордана Силјановска-Давкова, дека не го познава како студент, Пендаровски одговори дека не ја познава ниту тој од Правниот факултет.

- Само еден семестар нејзиниот сопруг беше помлад асистент. Бидејќи нејзиниот сопруг не ги исполни академските критериуми за унапредување, го поставија неколку месеци за библиотекар на Правниот факултет. Потоа тој го напушти комплетно факултетот, се посвети на приватниот бизнис, му дадоа фри-шоп на српска граница и станаа мултимилионери, кажа Пендаровски.

## УКИНАТА СОЦИЈАЛНАТА ПОМОШ НА 1.134 ЛИЦА ОТИ ИМАЛЕ ВОЗИЛО!? ЗА 18 МЕСЕЦИ ЈА ОШТЕТИЛЕ ДРЖАВАТА ЗА НАД 2,5 МИЛИОНА ЕВРА

Министерството за труд изготвило 1.134 решенија за прекин на гарантирана минимална помош и социјална пензија на лица што 18 месеци добивале пари од државата ама не го исполнувале условот да немаат регистрирано возило на свое име. Техничкиот министер за труд, Ѓоко Велковски, извести дека со незаконските исплати овие лица го оштетиле буџетот на Министерството за над 2,5 милиона евра.

- Во моментот изготвени се 1.134 решенија за прекин на гарантираната минимална помош и социјална сигурност со забрана за користење на правото во наредните 12 месеци. Граѓаните имаат право на редовен правен лек до второстепените органи, па дури потоа центрите за социјална работа ќе склучат спогодби за враќање на неосновано примените парични средства, рече техничкиот министер Велковски.

Во ковид-кризата беа олеснети условите за користење на социјалните права од аспект на поседување и користење моторно возило и во системот влегле сите возила постари од пет години. Но, по завршувањето на кризата (30.06.2022) во системот останале таквите лица и продолжиле да добиваат помош иако не го исполнуваат условот да немаат возило.

Тој најави дека истражните органи ќе утврдуваат чија е вината за незаконската исплата на социјална помош.

## ПОПОВСКИ: НЕЛОГИЧНО Е ДА СЕ ВОДИ ПРЕТСЕДАТЕЛСКА КАМПАЊА БЕЗ КАНДИДАТОТ, СИЛЈАНОВСКА ДАВКОВА ЈА НЕМА НА ГОЛЕМ ДЕЛ ОД МИТИНЗИТЕ

Новинарот и политички аналитичар Љупчо Поповски во поткастот „Политиканти" на „Слободен печат" забележа дека кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ, Гордана Силјановска-Давкова, ретко присуствува на митинзите во кампањата за шеф на државата.

Додаде дека можеби ѝ треба повеќе енергија и не би сакал да шпекулира зошто е тоа така, но се појавува само на главните митинзи ама не и на останатите.

- Како може да се води претседателска кампања без кандидатот? Тоа е нелогично. Очигледно е дека ВМРО-ДПМНЕ со сите сили ја поддржува и мора да биде поддршка за Гордана, бидејќи таа не може сама. Има места каде што таа не се појавува. Во Новаци и Демир Хисар Гордана не беше, само во Битола. Исто и Василево, Босилово само во Струмица се појави, рече Поповски.

Тој додаде дека од друга страна останатите кандидати настапуваат на митинзи и без претседателите на партии кои застанаа зад нив (Пендаровски, Ванковска, Османи).


## ГРОЗЈЕ ЗА ВИНО - SYDNEY

Свежо и првокласно црвено и бело грозје за вино. Првата испорака е **во среда, на 6 март 2024 и потоа секоја среда за 4 недели.** На адреса **"KING TOM CLUB" 223 Edensor rd, EDENSOR PARK.** Испорака од нашите виногради СВЕЖО преку ноќ до вас! Шираз, Кабарнет Савињон, Мерлот ГАРАНТИРАНО! Дојдете порано, квалитетот е извонреден.

**Тел: Con – 0417 811 397**

## ГРОЗЈЕ ЗА ВИНО - CANBERRA

Свежо и првокласно црвено и бело грозје за вино. **Секоја вторник од 12 март само за 3 недели, на адреса: 2 Grose St Deakin (Canberra Soccer Club).**

Испорака од бербата на нашите виногради СВЕЖО преку ноќ до вас! Шираз, Кабарнет Савињон, Мерлот ГАРАНТИРАНО!

Дојдете порано, имаме првокласни кутии грозје спакувани со квалитет!!

**Тел: Con – 0417 811 397**




### ВЛАДИКА ПЕТАР:

# За да добиеме Томос од Вселенската партијаршија прифаќам името да ни биде „Северномакедонска православна црква“



Митрополитот со најголем стаж во МПЦ-ОА, владиката Петар, во гостување на ТВ24 пред неколку седмици го сподели размислувањето во рамките на Светиот синод за проблемот со името што е една од пречките Вселенската партијаршија (намерно со пермутација на буквите) да издаде томос за самостојност. Тој, заедно со архиепископот Стефан и со владиката Тимотеј се потесниот, извршен состав на Светиот архијерејски синод на МПЦ.

На 28 февруари годинава САС на МПЦ-ОА формираше комисија која треба да ги проучи условувањата што ги постави Вселенската патријаршија. Минатата седмица „десната рака“ на веленскиот патријарх Вартоломеј, митрополитот Кирил, во првото интервју за македонски медиум (емисијата „360 степени“ на МРТВ), изјави дека Томосот за автокефалност што СПЦ го даде на МПЦ бил лажен а правиот треба да дојде од Цариградската патријаршија. Во интервјуто за ТВ24 владиката Петар ја објасни задачата на комисијата формирана во МПЦ.

- И во Томосот што ни го даде Српската православна црква стои дека обраќањето од страна на елинските цркви кон нас треба да си го решиме ние. Всушност спорот за нашето канонско признавање отсекогаш бил политички - се однесувал на името на нашата држава и црква. Оваа комисија не значи промена на нашиот став по однос на нашето име, туку да дадеме шанса доколку Вселенската патријаршија има искрена намера да го даде Томосот - да нема условувања. А во документот за признавање на нашата канончност Вселенската патријаршија дава три услови: да се нарекуваме Охридска црква, никаде да не го користиме името „Македонија“ (ниту деривати -з.н.) и јурисдикцијата да ни биде само на територијата на државата која во ОН е запишана како Република Северна Македонија (а дијаспората да и припадне на Цариградската патријаршија - з.н.). Сите архијереи на МПЦ-ОА, вклучувајќи ги оние кои дојдоа од ПОА сме едногласни дека не го даваме името „македонска православна црква“. Сепак велиме дека би прифатиле во името на нашата црква во томосот од Вселенската патријаршија да може, покрај „Охридска архиепископија“ и „Јустинијана Прва“, како што е титулата на нашиот архиепископ, еве ова го велам од свое име - да стои „Северномакедонска православна црква“. Не „Православна црква во Северна Македонија“ што е обезличување. Сметам дека така ем би го задржале постоењето на „македонска“ (што Цриградската патријаршија ни го забранува во секаков облик) и истовремено би го избегнале прекорот дека сме етнофилетисти односно националисти зашто името на нашата црква би било според обликот на името на државата а не според името на народот (кое си е Македонци). Сите елинистички цркви се признаени според градот на нивното столување, ама тие во странство се регистрираат како „грчка православна црква“ (што докажува дека етнифилетизмот не е кај нас туку кај нив), рече владиката Петар потенцирајќи дека ова е негово лично видување но штом вака отворено го кажа сигурно е дискутирано во потесниот состав на Синодот.

- Што се однесува до дијаспората, нема откажување од нашите верници во иселеништвото. Тие епархии сме ги создавале ние и немаме намера да се откажеме. Ниедна друга помесна црква нема ни најмал удел во нашите црви во дијаспората, дури имавме спротивни примери кога МПО-вските организации ни земаа цркви во Америка и го предадоа на Бугарската црква. Видете, прво имањето цркви во дијаспората е една од одликите на автокефалните цркви а второ нашата македонска црква можеме да кажеме дека веќе сме повеќе во дијаспората отколку во матичната држава, нешто слично како и Антиохиската црква. Ние не смееме да се откажеме од дијаспората зашто утре можеби ќе бидеме (а по се изгледа дека веќе сме) само 1/4 во матичната земја а другите 3/4 во иселеништво. Така што не смееме да се откажеме од иселеништвото како што тоа не може да го направи ни Антиохиската црква чиј верници во 70% се во дијаспора, заклучи владиката Петар (целото интервју на https://youtu.be/WRxHPY40VaY).


Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors



РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ

- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals

- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали

Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971


# ВТОРА ГОДИНА ПО РЕД НЕМА ДА ИМА РОД НА ПРАСКИ И КАЈСИИ ВО ГРАДСКО ПОРАДИ ХАВАРИЈАТА НА СИСТЕМОТ ЗА НАВОДНУВАЊЕ „МАКАРИЈА“



Ниту годинава овоштарите од Росоман и Градско нема да имаат богат и добар род. По ланската суша поради хаваријата на системот за наводнување „Макарија“, која се случи кон крајот на мај 2023 година, овошките и оваа сезона нема да дадат род, предупредуваат земјоделците од регионот.

- Годинава немаше родни пупки на кајсијата, а кај праскатa имаше дупли праски што ја извлече водата од овошките и немаше доволно за да се формираат плодовите. Тие нема да бидат ниту за конзумирање, ниту за конзервната индустрија. Ќе има род, но ќе биде многу мал. И годинава ќе ги чувствуваме последиците од хаваријата на системот „Макарија“, вели Владо Орданов, овоштар од Росоман.

Од Општина Градско уште пред два месеца соопштија дека штетата кај нив е проценета на 117 милиони денари (околу A$3.2 милиони) за намалениот род на грозјето, кајсиите и праските. Од Општина Росоман се уште не се соопштува проценетата штета.

Министерот Николовски при неодамнешната посета на Велес порача дека земјоделците може да очекуваат да бидат обесштетени по изборите, бидејќи во овој период тоа не е можно.

Од Министерството за земјоделство не одговорија и колку овошје и зеленчук се извезени во 2023 во Украина, откако се затвори пазарот во Русија. Николовски лани најави дека украинскиот пазар треба да е замена за рускиот.

# „Дивелоп груп“ на Мијалкови започнува да го гради луксузниот хотел во Охрид



Активистичката „О2 Иницијатива“ реагираше на социјалните мрежи дека „Дивелоп груп“, градежна компанија на поранешниот шеф на тајната полиција Сашо Мијалков, по подолго време откако го купила земјиштето деновиве започна со градење на луксузниот хотел на ридот кај местото Горица 3 во Охрид.

„Макотрпно човечки пошумениот рид во минатиот век, продаден пред 10-ина години (15.778 м2), раскрчмен сега е во сопственост на ‘Дивелоп груп’ доо-Скопје на Мијалкови, во чија сопственост е и хотелот ‘Мериот’ на плоштадот ‘Македонија’ во Скопје. ‘Дивелоп груп’ на хартија е во сопственост на Александар Ивановски - познат како Алек Тераново и ‘Бест беј инвестмент’ дооел Скопје, во сопственост на Јордан Мијалков, синот на Сашо Мијалков. Прашања кои се наметнуваат: Кој и зошто го продал ова државно богатство кое во минатото педа по педа макотрпно се пошумувало? Кој издал дозвола? Врз основа на каков план? Дали била транспарентна и правилна постапката за издавање на дозволата?“, реагираат од организацијата.

### НОВ УДАР ПО ЏЕБОТ:

# Поскапе приватното здравствено осигурување



Премиите за приватно здравствено осигурување поскапеа, во просек, за над три отсто, што претставува нивен најголем раст во последните пет години. Зголемување на цените од 3.03 отсто го одобри сојузната влада минатиот месец, но и покрај тоа, некои големи осигурителни компании потврдија дека нивните цени ќе се зголемат и за над четири отсто?! На пример, за корисниците на здравствено осигурување *NIB* премиите се зголемени за 4.1 отсто, *BUPA* ги зголеми цените на клиентите за 3.61 отсто, HBF за 3.95 отсто и *Медибанк Прајват* за 3.31 отсто.

Анализата на брокерската фирма *Compare Club* покажа со просечното зголемување од четири отсто, граѓаните на *Австралија* кои користат приватно здравствено осигурување би можеле да плаќаат за полисата и до $159 повеќе на годишно ниво. Овој износ може да биде и поголем од $200 годишно за постарите и семејствата, покажува анализата. Минатата година просекот на зголемување на цените на „големата четворка" на здравственото осигурување, *BUPA*, *Медибанк*, *NIB* и *HBF* изнесуваше 2.92 отсто. **Марк Батлер**, министер за здравство изјави дека зголемувањето на цените на полисите за осигурување е под нивото на инфлација во период од 12 месеци. *„Годинешниот раст е помал од годишниот раст на платите, старосната пензија и инфлацијата"* - рече **Батлер**.

Додаде и дека платите пораснале за 4.2 отсто, додека инфлацијата изнесува 4.1 отсто во 2023 година. Исто така, социјалните исплати растеа во согласност со инфлацијата. *„Не бев подготвен само така да ги одобрувам побарувањата на здравствените осигурителни куќи, како што опозицијата бараше од мене. Ги замолив осигурителните куќи да ги наострат моливите и да излезат со поразумна понуда за 15 милиони Австралијци кои имаат приватно здравствено осигурување"* - рече министерот за здравство.

**Батлер**, исто така, рече сојузната влада им дала $7.3 милијарди на осигурениците преку своите олеснувања за приватно здравствено осигурување. Инаку, се проценува дека приватните осигурителни куќи во текот на минатата година исплатиле над $23.5 милијарди на име здравствени и медицински бенефиции. *„Приватните здравствени осигурувања мораат да се погрижат нивните членови да добијат соодветна вредност за вложените пари. Кога трошоците растат, Австралијците сакаат да знаат дека повисоките премии придонесуваат за подобрувања на целиот систем, како што се повисоки плати за медицинските сестри и други здравствени работници и обезбедување достапни услуги"* - рече **Батлер**. Како новото поскапување на здравственото осигурување ќе се одрази врз корисниците на овие услуги и бројот на оние кои ќе се откажат од овој вид заштита ќе се види многу брзо, како што ќе доспеваат новите полиси.

Претседателот на *Австралиското медицинско здружение (АМА)*, професор **Стив Робсон** рече дека е потребен поголем надзор за системот за здравствено осигурување да биде поправен. *„Потребно ни е независно тело кое има капацитет, објективност и експертиза и што ќе осигура системот да биде праведен за пациентите и да ги врамнотежи интересите на сите. Гледавме како луѓето масовно се пријавуваат во осигурителни компании, а во исто време видовме дека трошоците за управувањето се зголемуваат. Сакаме да видиме задолжителна минимална исплата од 90 отсто на секој долар во премијата, која се враќа на пациентот"* - нагласи **Робсон**.

## КУД Танец од Томастаун



*КУД Танец од Томастаун* ги известува сите свои играорци дека тренинзите за 2024 година започнаа во *Thomastown Library (52 Main St. Thomastown)*, со почеток од 18:30 до 20:00 часот. Тренинзите се секој понеделник и примаме нови играорци од 5 години нагоре. Сите што сакаат да го изучуваат македонскиот фолклор и песна нека повелат да се јават кај: **Косте 0431 360 291**






## ММД "Никола Карев" започна со проби и уписи за 2024




Македонското Младинско Друштво *"Никола Карев"* ги известува сите љубители на македонскиот фолклор дека врши упис на нови играорци за 2024 година.

Втората и трета група тренира во среда, од 18:30-20:00 часот.

Прва тренира в понеделник, од 19:00-21:00 часот.

Тренинзите се одржуваат во *Cairnlea Community Hub на 55 Carmody Dr., Cairnlea 3023*

За повеќе информации и упис на нови играорци јавете се на мобилен **0430 370 939**

Со нашите убави ора зачекоруваме во македонската традиција и историјата на нашите предци.

Не чекајте, запишете ги вашите деца да го изучуваат и уживаат во македонскиот фолклор

# 12 години никаде го нема Ангел – киднаперите отслужија казна затвор и се преселија во Словенија




Веќе 12 години **Ангел Стојанов** од *Велес* никаде го нема, не се наоѓа ни меѓу живите, ниту меѓу мртвите. **Ангел** исчезна на 7 март 2012 година, на возраст од 25 години, а зад себе остави две деца.

Тој беше претепан и киднапиран, по што се губи секаква трага. Киднаперите беа откриени, но убиство не се докажа бидејќи според законите ако нема тело, не може да се одговара за убиство.

Полицијата ги откри киднаперите, се работи за соседи на **Ангел** - **Перо** и **Борис Нацеви** кои го начекале на пазар, го претепале и го ставиле во багажникот од нивниот автомобил.

Тие тврдеа дека го оставиле жив покрај реката *Бабуна*, на оддалеченост од околу 13 километри.

Синот и таткото завршија во затворот *„Идризово“* каде отслужија казна од 9 години за киднапирање, по што излегоа на слобода и се преселија во *Словенија*.

# Кај Австриецот што загина со кола на Попова Шапка била пронајдена торба со пари

Кај осумдесетгодишниот Австриец, кој почина откако излета од патот *Тетово-Попова Шапка*, била пронајдена торба со пари.

Имено, на 7 април околу 17:20 часот во полиција е пријавено дека на регионалниот пат *Тетово – Попова Шапка*, на влезот во *Расадиште* од *Тетово*, патничко возило „Сузуки“ со австриски регистарски ознаки, управувано од **Е.В.** (80) од *Виена* (*Австрија*), излетал од патот. Од здобиените повреди возачот, кој бил сам во возилото, починал. Јавен обвинител и увидна екипа од *СВР-Тетово* извршиле увид на местото на настанот.

Од тетовската противпожарна бригада, кои ја ваделе колата, велат дека покрај телото била пронајдена поголема сума на пари што и биле предадени на полицијата.

*- Тоа беше длабок пад на автомобилот во бездна околу 150 метри. Жртвата беше надвор од автомобилот, работите исто така беа расфрлани надвор. Има и слики и работи што ги документиравме, видовме пари околу колата - како српски динари, евра и денари. Во торба, според она што ги виделе останатите пожарникари, имало поголема сума на пари што ги имала жртвата. Поголема сума на евра*, изјави **Авни Амети**, началник на Противпожарната бригада – *Тетово*. За случајот се известени и Амбасадата на *Австрија* и Канцеларијата на *Интерпол*.

# Кривични пријави против 6 лица од Скопје и Косово по филмскиот грабеж на A$205,000 во Куманово



*СВР Куманово* поднесе кривична пријава против **А.Ц.**(29) од *Косово*, **В.А.**(25) од *Скопје*, **М.С.**(31) од *Скопје*, **Б.Ш.**(33) од Косово, Д.К.(26) од Косово и **Е.А.**(32) од *Скопје* поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво“ по член 237 од Кривичниот законик.

Пријавениот **Е.А.** на 21.02.2024 во *СВР Скопје* лажно пријавил кривично дело одземање на моторно возило „ренџ ровер“ со скопски регистарски ознаки, сопственост на неговиот брат **М.А.**

После тоа, на 15.03.2024 на улицата *„Доне Божинов“* во *Куманово* (кај *Рајкова Куќа*), пријавените со возилото „ренџ ровер“ удриле во возилото „фолксваген пасат“ на **С.С.**(63) од *Куманово*, сопственик на менувачница кој се враќал вечерта дома од работа. Потоа со закана со огнено оружје му одзеле торба со разни странски валути во вкупна вредност од A$205,000.

# Тешка кражба во рудникот Суводол, приведени четири лица од Битола



На 11.04.2024 во 16:30 часот полициски службеници од Полициското одделение *Новаци* ги лишиле од слобода **С.Р.**(31), **Ј.В.**(28), **Ѓ.В.**(30) и **Д.М.**(22) - сите од Битола. Тие се сомничат дека извршиле „тешка кражба“ во кругот на рудник *„Суводол“*, систем *„Брод – Гнеотино“*, при што одзеле повеќе предмети.Одземеното било пронајдено и ќе биде вратено на сопственикот.

По целосно документирање на случајот, против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

# ”Успение на Пресвета Богородица” - Сиденхам



Свештеникот, протерей ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *”Успение на Пресвета Богородица”* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# Албанезе му понуди државјанство на Французинот кој се соочи со убиецот во трговскиот центар

Австралискиот прајминистер му понуди на француски државјанин кој се соочи со напаѓачот од трговскиот центар *Westfield Bondi Junction* во источен *Сиднеј*, можност да остане во *Австралија* онолку долго колку што сака, па дури и да стане државјанин.



Францускиот градежен работник **Дамиен Геро (Damien Guerot)** стана херој откако на видеата од надзорните камери се покажа како тој се соочува со убиецот **Џоел Каучи** на ескалатор во трговскиот центар каде **Каучи** смртно избоде шестмина во саботата пред да биде застрелан од полицијата.

Во вторникот, **Ентони Албанезе** му се заблагодари на **Дамиен Геро** за неговата „извонредна храброст" и понуди да ги реши визните прашања за францускиот државјанин по извештаите дека неговата виза истекува во јули.

*„Ова му го кажувам на Дамиен Геро – кој се занимава со неговите апликации за виза – дека сте добредојдени овде, добредојдени сте да останете онолку долго колку што сакате. Ова е нешто што би го поздравиле да стане австралиски државјанин, иако тоа секако би било загуба за Франција. Тоа кажува многу за природата на човештвото во време кога се соочуваме со тешки прашања, дека некој кој не е државјанин на оваа земја храбро застана на врвот на тие ескалатори и го спречи овој сторител да се качи на друг кат и потенцијално нанесувајќи дополнително масакр врз граѓаните"*, им рече **Албанезе** на новинарите во Канбера. И министерот за имиграција, **Ендрју Гилс**, се приклучи кон понудата.

*„Извонредната храброст на Геро е пример за ликот што сите сакаме да го видиме во нашето општество. Јас сум свесен за случајот на Геро и побарав од мојот оддел да ги разгледа опциите за виза за него. Уште еднаш, му благодариме на Геро, како и на другите членови на јавноста, на нашите херојски полицајци и на првите луѓе кои помогнаа да се заштитат другите од опасноста"*, рече **Џајлс**.

Претходно **Албанезе** изјави за радиото *BCFM* дека *Австралија* треба *„да направи повеќе"* за да ги заштити жените по нападот во трговскиот центар, откако полицијата во *Нов Јужен Велс* потврди дека истражува дали **Каучи** намерно ги таргетирал жените и децата.

## НАСТАВА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ОД ДАЛЕЧИНА

Агенцијата за иселеништво неколку години по ред организира настава по македонски јазик од далечина (он лајн) за децата со потекло од *Македонија* што живеат во странство.

Ве молиме да не известите дали има заинтересирани деца за ваков вид настава, а доколку има ние повторно ќе ја организираме. Наставата би започнала на 02 септември 2024 година и форматот би бил 2 часа седмично.

Ве молиме заинтересираните што поскоро да ги пријават децата, бидејќи ќе треба да се спроведе проверка на знаењето на македонскиот јазик и да се организираат паралелки според степенот на познавање на македонскиот јазик.

Пријавите праќајте ги на мејл адресата: *agencija_za_iselenistvo@minisel.gov.mk*


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата **www.australianmacedonian.com.au** и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралиско Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

# Жртвите се мајка на две деца, ќерка на милионер, чувар...



Дон Синглтон, Ешли Гуд, Џејд Јанг, Фариз Тахир, Пикриа Дарчиа и Ченг Јиџуан се шесте жртви на напаѓачот Џоел Каучи

Напаѓачот е 40-годишниот **Joel Cauchi**, од *Квинсленд* со психички нарушувања и се преселил во *НЈВ* само еден месец пред да го изврши злосторот кој не е поврзан со тероризам. Тој во сабота изоде до смрт шест лица во трговскиот центар *„Вестфилд Бонди Џанкшн"* во источното предградие на *Сиднеј*, каде се наоѓа познатата плажа *Бонди*. Од шестмината убиени, пет се жени. Меѓу жртвите има мајка на две деца, чувар и ќерка на милионер.



Дон Синглтон, Ешли Гуд, Џејд Јанг, Фариз Тахир, Пикриа Дарчиа и Ченг Јиџуан се шесте жртви на напаѓачот Џоел Каучи

Мајката на две деца **Џејд Јанг** (47) беше членка на *Клубот за спасување* во *Бронте*. Многу членови на клубот беа погодени од смртта на нашата **Џејд**.

За починатиот 30-годишен чувар е објавено дека тој трагично го загубил животот додека ѝ служел на јавноста. **„Фараз Тахир** побара засолниште во *Австралија* пред само една година, бегајќи од прогонот во *Пакистан*, се вели во соопштението. Меѓу жртвите е и ќерката на милионер-претприемач. **Дон Синглтон** (25), таа била во трговскиот центар кога **Каучи** ја изодел до смрт. Работела како асистент за онлајн шопинг во *White Fox Boutique*, а претходно студирала дигитални и социјални медиуми.

**Синглтон** оваа година требаше да се омажи за своето момче од детството. Неименувана пријателка изјавила за *Дејли Телеграф* дека отишла во трговскиот центар да купи шминка за свадба. *„Минатата недела купи венчаница"*, додаде таа.

Во нападот е убиена и **Ешли Гуд** (38). Напаѓачот ја изодел и нејзината деветмесечна ќерка, која се здобила со сериозни повреди, но е во стабилна состојба во болница.

*„Сакаме да им се заблагодариме на службите за итна помош и на двајцата мажи кои се грижеа за нејзината ќерка кога **Ешли** загина. Сега треба да се справиме со она што се случи. Би сакале да побараме мир и приватност"*, изјави семејството на убиената **Ешли Гуд**.

Полицијата на *Нов Јужен Велс* соопшти дека им дава поддршка на роднините на жртвите, дека изгледа дека двете жртви **Пикриа Дарчиа** и **Ченг Јиџуан**, немаат семејство во *Австралија* и дека се обидуваат да дојдат до нив преку агенции во странство.

## Почина мајката на бебето повредено во нападот што таа очајнички се бореше да го спаси



**Ashlee Good** (38), мајката на малото деветмесечно бебе кое беше тешко повредено во нападот во *Сиднеј*, им подлегна на повредите. Нејзиното бебе е прободено во стомакот и итно е оперирано во критична состојба. Двајца мажи кои се нашле во трговскиот центар во моментот кога напаѓачот почнал по случаен избор да боде луѓе, опишаа како му го спасиле животот на бебето кое исто така било жртва на овој напад. Според нив, повредите биле многу лоши.

*„Бебето и мајката беа изболени со нож. Мајката дојде со бебето и ми го даде, јас го држев. Изгледаше многу лошо"*, рече еден од мажите.

Како што додаваат, се обиделе да го спречат крварењето со облека од продавница и повикале брза помош. Мајката и бебето ги однеле на сигурно во продавницата, а потоа отишле да побараат помош. Напаѓачот носел голем нож и почнал по случаен избор да ги боде луѓето. Посетителите на трговскиот центар почнале да бегаат, а продавачите ги спасувале во продавниците што ги заклучувале, а потоа преку споредни излези ги изнесувале на улица.


ПЕРФЕКТНО МЕСТО ЗА ВАШАТА ПРОСЛАВА

MYSTIQUE
Macedonian Restaurant
Tel: 0493 431 483
0401 974 092
Отворени сме за вечера
Четврток - Сабота,
од 18 часот до доцна.

Кога сте кај нас, може да уживате во голем избор на јадења, пијалок и дезерти од традиционалната македонска кујна.

Без разлика дали станува збор за бизнис настан, спортска презентација, свадба, веридба или роденден, ние сме тука да се погрижиме вашата специјална пригода да е незаборавна.



231 Broadhurst Ave, Reservoir VIC 3073


### ДЕТАЛИ ОД КРВАВОТО ДИВЕЕЊЕ, ВО КОЕ ЗАГИНАА 6 ЛИЦА, А 12 СЕ ПОВРЕДЕНИ:

## Џоел Кaучи ги нападнал жените



Напаѓачот кој во саботата уби шест и повреди 12 лица со нож во трговски центар во *Сиднеј*, а подоцна беше застрелан од полицијата, имал за цел да убие жени, изјави полицискиот комесар на *Нов Јужен Велс*, **Карен Веб**.

*„Снимката зборува сама за себе, и на детективите им е очигледно дека се чини дека криминалецот таргетирал жени, а избегнувал мажи"*, рече таа во гостувањето на телевизијата *ABC*.

*„Не знаеме што се случува во умот на сторителот, па затоа е важно детективите сега да ги интервјуираат оние кои го познавале и кои биле блиски до него, за да можеме да добиеме увид во тоа што тој размислувал"*, објасни **Веб**. Вооружен со нож **Џоел Каучиво** саботата уби шест и повреди 12 лица во трговски центар во *Сиднеј*, а полицијата подоцна истиот ден соопшти дека напаѓачот боледувал од шизофренија.

**„СКАЈ ЊУЗ“:**

# Врските меѓу Украина и ИСИС можеби се искористени за организирање на терористичкиот напад во Москва






*„Скај Њуз Арабија“* известува за можноста врските меѓу *Украина* и *Исламската Држава* да биле искористине за организирањето и изведувањето на терористичкиот напад на *„Крокус“* центарот во *Москва*, кога загинаа повеќе од 140 луѓе.

Како пример за заедничката активност на Украинците и исламистите, ТВ каналот го наведува испраќањето на вооружените сили на *Украина* во *Судан* за учество во граѓанската војна. Оваа украинска операција беше потврдена и од Главната разузнавачка управа на Министерството за одбрана на *Украина*, а особено од шефот на одделот, **Кирил Буданов**. Исто така, за време на борбите во *Донбас*, беа забележани милитанти со ознаки на *Исламската Држава*, а и самите припадници на терористичката организација објавуваа материјали за нивното учество во битките на страната на украинските сили. Власта на **Зеленски** користи терористички организации за да учествуваат во конфликтот во *Украина* и да им наштетат на интересите на *Русија* во странство“, забележува експерт на *„Скај њуз“*.

# Француски воен брод избега од Црвеното Море – не очекувале толку разорни напади од Хутите



Фрегатата *„Алзас“* на француската армија се повлече од водите на *Црвеното Море* во близина на *Јемен* кон *Суецкиот канал*, по првата пресметка со ракетите и беспилотните летала на јеменските вооружени сили. Командантот на фрегатата, во интервју за францускиот весник *„Фигаро“* зборува за причините за одлуката за повлекување на бродот. Повлекувањето на нашиот воен брод се должи на високото ниво на закана од Хутите (движењето *Ансар Алах*). Долго време не сме се занимавале со вакво ниво на војна и не очекувавме да се соочиме со закани и неограничено насилство во *Црвеното Море* и *Аденскиот Залив*“, вели тој.

Францускиот командант, додава дека *„Хутите се исклучително вешти и одлучни во нивната употреба на беспилотни летала и балистички ракети“. Тие се вешти во својата техника и колку повеќе пукаат, толку се попрецизни“*, додава францускиот командант. Тој, исто така, нагласува дека француската фрегата ја користела сета своја воена опрема – од ракети *„Астер“* вредни два милиони долари до митралези за време на пресметката со нападите на Хутите. По одлуката на *Европската Унија* да распореди воени бродови во *Црвеното Море* и *Аденскиот Залив* во февруари 2023 година, француската морнарица испрати два воени брода – *„Алзас“* и *„Лангедок“* во водите во близина на *Јемен*. Фрегатата *„Алзас“* е опремена со систем за противвоздушна одбрана, а *„Лангедок“* е противподморничка фрегата. Француската војска тврди дека во овој период фрегатата *„Лангедок“* соборила две беспилотни летала камикази, а воениот брод *„Алзас“* уништил три балистички ракети на движењето *Ансар Алах* при две операции во *Црвеното Море*.

Воениот брод *„Алзас“* е вториот европски воен брод што го напушти *Црвеното Море* и се повлече, по данскиот воен брод – фрегатата *„Ивер Хуитфелд“*.

**СЛОВАЧКИОТ ПРЕМИЕР:**

# Не можете да ни наредите да примаме мигранти за кои ништо не знаете



Словачкиот премиер **Роберт Фицо** изјави дека нема да ги спроведе новите миграциски правила на *ЕУ* во својата земја, што е знак на континуирана тензија околу ова прашање и покрај постигнувањето договор по повеќегодишни преговори.

*„Недвосмислено велиме дека не можете да ѝ наредите на една земја да прифати, во случајот со Словачка, до 300 мигранти за кои ништо не знаете или да плати по 20.000 евра за секој“*, рече **Фицо** на прес-конференција.

*„Тоа не е солидарност, тоа е диктат“*, рече **Фицо**, додавајќи дека неговата партија *Смер-ССД* и словачката владејачка коалиција ќе гласаат против слични закони во националниот парламент. За да стапи во сила во цела *ЕУ*, пактот треба да го ратификуваат земјите-членки кои потоа ќе имаат две години да го применат. Претходно и *Полска* ги отфрли правилата за распределба на бегалците и мигрантите кои влегуваат покрај редовните гранични премини меѓу земјите-членки на *ЕУ*. *Унгарија* исто така се спротивстави. Владиниот портпарол минатата недела изјави дека *Будимпешта* смета дека таквиот систем *„не е остварлив“*.

# Обилниот дожд предизвика поплави на Арапски Полуостров

Арапскиот Полуостров е погоден од поплави предизвикани од обилен дожд. Во надојдената вода во *Оман* загинаа најмалку 33 луѓе, а се трага по исчезнатите. Обилниот дожд предизвика поплави и во главниот град на *Обединети Арапски Емирати*. Поради силниот ветер нарушен е и авиосообраќајот на Меѓународниот аеродром во *Дубаи*. Пред невремето во *ОАЕ* беа затворени училиштата, а државните службеници работат од дома. Дождот не е вообичаена појава на *Арапскиот Полуостров*, па голем број улици немаат дренажа. Властите со цистерни ја испумпуваат водата од улиците и автопатиштата. Во *Дубаи* наврнале повеќе од 120 милиметри дожд, а врнеше и во *Бахреин*, *Катар* и *Саудиска Арабија*.



# Ситуацијата на источниот фронт е многу влошена, вели Украина



Ситуацијата на источниот фронт во *Украина* значително се влоши во изминатите денови, додека *Русија* ги засилува нападите, изјави шефот на украинската војска **Олександр Сирски**.

*„Забележуваме значајно засилување на непријателската офанзива откако **Владимир Путин** победи на изборите во март. Русија распоредува нови оклопни единици кои периодично остваруваат тактички успеси*“, кажа **Сирски**.

Ситуацијата е особено тешка и тензична кај градот *Часив Јар*, оддалечен 20 километри од *Бахмут*. Откако успори испораката на западната воена помош за *Украина*, руските сили продолжија да напредуваат на источниот фронт по освојувањето на *Авдивка*.

*„Непријателот активно ги напаѓа нашите позиции во секторите Лиман и Бахмут*“, кажа Сирски. Оваа недела, украинскиот парламент усвои нов закон со кој полесно би се регрутирале нови војници и би се казнувале оние кои се обидуваат да ја избегнат регрутацијата. Украинскиот државен врв предупреди дека *Русија* планира нова голема офанзива кон крајот на мај или почетокот на јуни, чија цел би можел да биде и *Харков*.

## ШЈИ:

# Кина не е ниту страна ниту учесник во украинската војна



Кинескиот претседател **Шји Џинпинг** за време на разговорот со германскиот канцелар **Олаф Шолц** во *Пекинг* изјави дека *Кина* не е вклучена во руската војна против *Украина*, пренесува германската агенција *„Дпа*“.

*„Кина не е ниту страна ниту учесник во украинската криза*“, се вели во соопштението објавено по средбата меѓу двајцата лидери во *Пекинг*.

Наместо тоа, *Кина* отсекогаш *„промовирала мировни преговори на свој начин*“, рече **Шји**.

*Пекинг* ќе поддржи меѓународна мировна конференција во догледно време, но *Русија* и *Украина* ќе мора да ја прифатат, рече кинескиот лидер.

Досега *Москва* ја одби поканата за планираната конференција во *Швајцарија* во јуни. Сè уште се чека одговорот на *Кина* на поканата на алпската земја.

*Кина* е близок сојузник на *Русија*. Постојано има обвинувања за кинески компании што ја снабдуваат *Русија* со таканаречените стоки со двојна употреба – оние што може да се користат и за цивилни и за воени цели.




# Зошто НАТО не го брани небото над Украина како што го брани за Израел?

**Дејвид Камерон**, британскиот министер за надворешни работи, објасни зошто борбените авиони на *Кралското воздухопловство (РАФ)* не соборуваат дронови над *Украина*, како што направија минатиот викенд над *Израел* за време на голем ирански напад.



Прашањето му беше поставено на **Камерон** за време на интервјуто за радиото *ЛБЦ*, кое потсетува дека британскиот премиер **Риши Сунак** потврдил дека борбените авиони на *РАФ* собориле голем број беспилотни летала чии цели биле на израелска територија минатиот викенд. *Израел* соопшти дека *Иран* лансирал 170 беспилотни летала, повеќе од 30 крстаречки ракети и повеќе од 120 балистички ракети за време на нападот во саботата вечерта.

**Камерон** му рече на домаќинот дека *РАФ* нема да може да соборува беспилотни летала над *Украина* бидејќи доведувањето на силите на *НАТО* во директен конфликт со руските трупи ќе предизвика загрижувачка ескалација во руско-украинската војна.

*– Направивме повеќе од која било земја поединечно за да им помогнеме на Украинците. Обучивме повеќе од 60.000 украински војници, први им дадовме противтенковско оружје, артилерија со долг дострел и тенкови* – рече **Камерон**. Тој го предупреди домаќинот за ризиците од користење на британските воени капацитети во директен конфликт со *Русија*.

*– Мислам дека тоа што го предлагате е тешко остварливо затоа што ако сакате да избегнете ескалација во смисла на поширока европска војна, мислам дека едно нешто што треба да направите е да избегнете трупите на НАТО да влезат во директен конфликт со руските војници. Тоа би носело ризик од ескалација* – рече **Камерон**.

*Киев Индипендент* пренесува дека министерот за надворешни работи на *Велика Британија* рекол дека *„она што сега ѝ треба на Украина не се западни авиони на нејзиното небо*“.

*– Она што им е очајно потребно и што треба да им го дадеме е повеќе системи за противвоздушна одбрана* – рече **Камерон** и додаде дека ова вооружување е „поефикасно“ во одбраната на *Украина*.

*„Киев пост*“ пишува дека **Володимир Зеленски** побарал од сојузниците да го покажат истото „единство“ кога станува збор за *Украина* како што му покажаа на *Израел*, кој го одби иранскиот напад со поддршка од Западот.

*– Интензитетот на руските напади бара подеднакво единство. Со одбрана на Израел, слободниот свет покажа дека таквото единство не само што е можно, туку и 100% ефективно. Истото е можно и со одбраната на Украина, која исто како и Израел не е членка на НАТО*, рече **Зеленски**.

# Сомалиските пирати ослободија брод откако добија откуп од 5 милиони долари

Сомалиските пирати го ослободија киднапираниот брод *МВ Абдула* и неговиот 23-член екипаж откако беше платен откуп од 5 милиони долари. Претставници на сомалиската влада не одговорија на барањето за коментар. *МВ Абдула*, носач на рефус под знамето на *Бангладеш* – тип на трговски брод што се користи за превоз на рефус товар – беше киднапиран во март додека пловел од *Мозамбик* кон *Обединетите Арапски Емирати*. Киднапирањето се случило на околу 600 наутички милји источно од сомалискиот главен град *Могадиш*.

Сомалиските пирати направија хаос во водите во близина на долгиот брег на земјата од приближно 2008 до 2018 година. Тие беа во мирување до крајот на минатата година, кога пиратската активност повторно почна да се зголемува. Поморски извори велат дека пиратите може да се охрабрат со олабавување на безбедносните мерки или да го искористат хаосот предизвикан од нападите врз бродови од јеменските Хути додека беснее војна во *Газа* меѓу *Израел* и палестинската милитантна група *Хамас*.




# ЃОКО ЈОВИЌ НАЈАВИ НОВ АЛБУМ: ВИДЕОТО ЗА „НЕЗАБОРАВНА“ СНИМЕНО ВО АВСТРАЛИЈА

Помеѓу многуте турнеи и настапи ширум светот каде што има Македонци, Ѓоко Јовиќ успеа да најде време да сними нова песна. Ѓоко и овојпат довербата за најновата песна ја довери на тимот Лазар и Магдалена Цветкоски, кои се потпишани и на неговиот претходен албум „Корени“ кој беше промовиран во 2018 година. Промовираната песна на Јовиќ носи наслов „Незаборавна“ и веќе се работи на новиот албум со полна пареа, а следната песна треба да пристигне веќе наредниот месец.

„Веќе неколку песни се готови за новиот албум. Името не би го открил сега, тоа најверојатно ќе го решиме со Лазе и Ена. Во последно време сум многу повеќе во нивното студио и работиме на новите песни. Не би сакал да откривам сега многу детали, но ве уверувам дека ова што допрва ќе слушате ќе биде најдоброто од мене“, вели Јовиќ.

За „Незаборавна, Ѓоко сними и видеоспот на една од неговите турнеи во Австралија, од каде се врати неодамна заедно со неговите „Енерџи бенд.



Ѓоко и неговиот бенд ги очекува „жешко лето“, со оглед на закажаните настапи во Европа и прекуокеанските земји, но тој вети дека и покрај набиената агенда ќе најде и ќе има време за нов музички материјал за неговата публика.

## хумор - хумор - хумор - хумор

Работел?некој?фри?
зер?во?некој?град?во
САД??Еден?ден?кај?не?
го?дошол?некој?цвеќар
да? се? потстрижува?
кога?фризерот?го?пот?
стриж?л??цвеќарот?го
прашал?колку?треба
да?плати??Фризерот
му?одговорил?дека?тој
работи?од?хоби?и?дека
не?може?да?му?земе
пари????Цвеќарот?за?
минал? сиот? среќен?

Утредента? кога
фризерот?дошол?на
работа?на?прагот?на?
шол?прекрасен?букет
цвеќе?

Другиот? ден? кај
фризерот?дошол?еден
пекар? и? откако? го
потстрижале??тој?пра?
шал?колку?треба?да
плати?? фризерот
одговорил?дека?рабо?
ти?од?хоби?и?не?сака
пари??И?пекарот?зами?
нал?среќен?

Утредента?фризе?
рот?на?прагот?нашол
прекрасна? торта?

Третиот?ден?доаѓа
во? фризерницата
еден?Македонец?отка?
ко?го?пострижале?и?тој
прашал?колку?треба
да?плати??фризерот
пак?одговорил?дека
работи?од?хоби?и?дека
не?треба?да?плаќа?
Македонецот? сиот
среќен? заминува?

Утредента? што
нашол?флизерот?пред
неговата? врата???

Што?

Имате? ли? идеја?

Размислувајте?ка?
ко?Македонец?

Нашол? ??? Маке?
донци?кој?чекале?ред
за? да? се? потстри?
жат????




REPUBLIKA
ENTERTAINMENT
nexTime
Band
SPECIAL GUESTS
GOCE DIMOVSKI , NIKOLA MICEVSKI & DZIGER
LAMBE
Alabakoski
SYDNEY
APRIL
05
THE PAVILI... RLAND
SOLD OUT
TICK... M.AU
INFO- ...MBA: 0411 244 202
REPUBLIKA: 0400 783 547
WOLLONGONG
APRIL
12
THE FRATERNITY
TICKETS- LIDIJA MITRESKA: 0475 823 540
PECE BUREK: 4276 2945
MELBOURNE
APRIL
19
Q-ROOM THOMASTOWN
TICKETS: TRYBOOKING.COM
INFO- REPUBLIKA: 0400 783 547
QUENBEYAN
APRIL
24
ROBINA COMMUNITY CENTRE
TICKETS- TATJANA: 0416 302 770
TINA: 0416 099 001
SYDNEY
APRIL
26
ROCKDALE ILINDEN SPORTS
TICKETS- GORAN BOMBA: 0411 244 202
IVO KONJARSKI: 0411 155 947
PERTH
APRIL
27
MNO VARDAR
TICKETS- NAUM: 0413 233 232
DAME: 0433 286 770

# ПМФЛ: Работнички поуспешен од Вардар во градското дерби, Струга само до бод против Брегалница



Најтрофејниот македонски клуб Вардар се врати на арената „Тодор Проески" ама само како гостин за натпреварот против градскиот ривал Работнички. Имаше неверојатна атмосфера на трибините, но на крајот победија дебармаалци со 2:0 и тоа со головите на Тодоровски во 75 минута и Мазари во 90+5 минута.

Првопласираниот тим на Струга ТЉ како домаќин одигра само 2:2 против Брегалница. Актуелниот шампион се спаси од пораз со голот на Ибраими од пенал во 86 минута. Ова е негов 196 гол во кариерата во ПМФЛ. Имаа водство домашните со 1:0, но Брегалница успеа да дојде до 1:2 со головите на Стојчевски и Селмани.

Овој кикс на шампионот го искористија Шкупи и Шкендија кои сега ја направија уште поинтересна борбата за титулата. Шкендија го прегази Силекс со 6:1, додека Шкупи беше подобар од Македонија ЃП со 3:1.

АП Брера славеше со минимални 1:0 против Воска, додека Гостивар беше подобар од Тиквеш со 2:1.

# Африкански маратонци намерно пуштија Кинез да победи во Пекинг




Неверојатна сцена беше забележана на трка во Пекинг, кога тројца африкански маратонци пуштија Кинез да заврши пред нив затоа што е домаќин, а поради тоа беше отворена истрага.

Отворена е истрага поради сомнеж во регуларноста на натпреварувањето, односно незаслужена победа на кинескиот атлетичар со време од 1:03.44.

Роберт Кетер, Вили Мнангат и Хаили Бикили водеа битка до самиот крај и се очекуваше некој од нив да заврши како победник, но потоа во битката се вклучи и Хе Џие на кој му дозволија да заврши на прво то место.

„Почнавме истрага и ќе ги објавиме резултатите кога ќе завршат проверките", соопштија од комисијата.

## ПРВА МАКЕДОНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА

Резултати 27. коло

| | |
|---|---|
| РАБОТНИЧКИ – ВАРДАР | 2:0 |
| СТРУГА ТЉ – БРЕГАЛНИЦА | 2:2 |
| ШКЕНДИЈА – СИЛЕКС | 6:1 |
| ГОСТИВАР – ТИКВЕШ | 2:1 |
| ШКУПИ – МАКЕДОНИЈА ЃП | 3:1 |
| БРЕРА – ВОСКА | 1:0 |

| | меч. | поб. | нер. | пор. | бод. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Струга ТЉ | 27 | 17 | 4 | 6 | 55 |
| 2. Шкупи | 27 | 15 | 9 | 3 | 54 |
| 3. Шк'ндија | 27 | 14 | 10 | 4 | 52 |
| 4. Силекс | 27 | 9 | 10 | 8 | 37 |
| 5. Тиквеш | 27 | 10 | 6 | 11 | 36 |
| 6. Гостивар | 27 | 8 | 12 | 7 | 36 |
| 7. Брера | 27 | 9 | 6 | 12 | 33 |
| 8. Работнички | 27 | 9 | 4 | 14 | 31 |
| 9. Вардар | 27 | 8 | 5 | 14 | 29 |
| 10. Воска | 27 | 6 | 10 | 11 | 28 |
| 11. Брегалница | 27 | 6 | 8 | 13 | 26 |
| 12. Македонија ЃП | 27 | 7 | 4 | 16 | 25 |

## ВТОРА МФЛ

Резултати од 24. коло

| | |
|---|---|
| БЕЛАСИЦА - САСА | 1:1 |
| ТЕТЕКС - ВАРДАР (Н) | 1:2 |
| БАШКИМИ - КАРАОРМАН | 5:1 |
| ПОБЕДА - КОЖУФ | 0:1 |
| ОСОГОВО - ДЕТОНИТ | 1:3 |
| ОХРИД - НОВАЦИ | 2:2 |
| БЕСА - СКОПЈЕ | 2:1 |
| ПЕЛИСТЕР - АРСИМИ | 3:0 |

Табела

| | |
|---|---|
| 1. БЕСА | 63 |
| 2. ПЕЛИСТЕР | 57 |
| 3. ДЕТОНИТ | 49 |
| 4. АРСИМИ | 41 |
| 5. ОХРИД | 38 |
| 6. БАШКИМИ | 37 |
| 7. СКОПЈЕ | 35 |
| 8. БЕЛАСИЦА | 31 |
| 9. КОЖУФ | 31 |
| 10. ВАРДАР (Н) | 31 |
| 11. НОВАЦИ | 25 |
| 12. ТЕТЕКС | 24 |
| 13. ПОБЕДА | 23 |
| 14. ОСОГОВО | 20 |
| 15. САСА | 18 |
| 16. КАРАОРМАН | 15 |

# Шпанската Примера се пофали со голем раст на приходите




Шпанската Ла Лига се пофали со рекорден вкупен приход од 5.69 милијарди евра за сезоната 2022/2023.

Приходите претходно се зголемија 17.8 % во споредба со претходната сезона и надминати се 5.07 милијарди од сезоната 2019/2020. Причина за растот се комерцијалните приходи (28.6%) како и растот на приходите од натпреварите (36.9%) благодарение на посетеноста на стадионите.

Така за првпат Примера ја проби границата од 15 милиони гледачи за првпат во историјата. Приходите од трансфери се зголеми на 679 милиони евра од 402 милиони евра, но сепак се далеку од 1.12 милијарди евра во 2019/2020 година.

Во Шпанија во инфраструктурата се инвестирани рекордни 848 милиони евра, вклучувајќи ја и инвестицијата на „Сантијаго Бернабеу" и неговата околина.

# Миовски добива нов тренер, Швеѓанец го презема Абердин




Бојан Миовски ќе добие трет менаџер во неполна година, бидејќи шкотскиот премиерлигаш Абердин го именуваше Швеѓанецот Џими Телин за нов менаџер на екипата од следната сезона. „Црвено-белите" сменија два менаџера во тековниот шампионат на Шкотска, а по серија на искусни избори сега се решија за млад стручњак.

46-годишниот Телин заминува од Елфсборг, клуб чиј тренер е сезонава, а заедно со него во Шкотска ќе пристигнат и асистентите Кристер Перссон со Емир Бајрами.

Абердин е деветтопласиран во Премиер лигата и не може да го повтори претходниот шампионат кога се избори за настап во Конференциската лига.

Бојан Миовски и сезонава е најдобар клупски стрелец со четиринаесет постигнати гола.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија

Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205
Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.
Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.
Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days
403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

### ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 9 КОЛО

## Престон Македонија – Каролајн Спрингс Џорџ Крос 2:1

Средба во која играта во првото полувреме беше здодевна и без голови, но затоа доби во темпо во вториот дел и, што е најважно, се освоени трите бода. За првиот погодок се чекаше до 62. минута, кога Маркус Скроен со глава нафрлената топка од слободниот удар ја смести во мрежата. Иницијативата беше на страната на Престон Македонија и се бараше приод до голот за да се осигури победата. Тој момент дојде кога се создаде доволно простор за Лук Џего во 75 минута, и тој со извонредна завршница и удар од над 20 метри постигна гол за 2:0.



Кога се очекуваше крај на средбата, длабоко во судиското продолжение, гостите преку Морган Филер во 95 минута го ублажија поразот. Тоа беше нафрлена топка од слободен удар во кој највисоко скокна Филер и со глава ја испрати топката во мрежата за конечните 2:1. Судиите неколку секунди после тоа означија и крај на средбата.

Во недела, на 21 април, Престон Македонија гостува кај Мелбурн Сити со почеток во 15 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Мелбурн Виктори | 20 |
| Лангварин | 16 |
| Норткот Сити | 16 |
| Престон Македонија | 15 |
| Булин Лајонс | 14 |
| Вестерн Јунајтед | 13 |
| Брансвик Сити | 13 |
| Бентли Гринс | 13 |
| Кингстон Сити | 12 |
| Каролајн Спрингс | 9 |
| Мелбурн Сити | 7 |
| Истерн Лајонс | 6 |
| Вереби Сити | 6 |
| Норт Џилонг | 6 |

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 9 КОЛО

## Алтона Маџик Вардар – Сент Албанс Саинтс 1:0



Освоени се важни три бодови за Алтона Маџик Вардар против екипа која сега ја прескокна на табелата. Стрелец на единствениот гол на средбата пред крај на првото полувреме од пенал беше Дарси Анастасовски.

Во второто полувреме водството беше зачувано и не се дозволи никакво изненадување до последниот свиреж на судијата.

Алтона Маџик Вардар: Кристиан Роси, Арон О`Дрискол, Џон Стојчевски, Натан Либерто, Џеј Кели, Сад Моукачер, Бул Џуач, Алекс Густ, Мохамед Ел Хаули и Исмаил Хаџи.

Во сабота, на 20 април, Алтона Маџик Вардар ја пречекува екипата на Мелбурн Најтс со почеток во 18:15 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Саут Мелбурн | 23 |
| Авондаел | 20 |
| Хајделберг Јунајтед | 19 |
| Хјум Сити | 19 |
| Окли Канонс | 16 |
| Порт Мелбурн Шаркс | 15 |
| Данденонг Сити | 13 |
| Мелбурн Најтс | 11 |
| Манингам Јунајтед | 9 |
| Данденонг Тандер | 8 |
| Грин Гали | 8 |
| Алтона Маџик Вардар | 7 |
| Сент Албанс Саинтс | 7 |
| Мореланд Сити | 0 |

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ЗА, 5 КОЛО

## Стирлинг Македонија – Фримeнтл Сити 4:2

Добиен е максимумот од оваа средба после шокантно примениот гол во првата минута од Ла Гала со кој гостите поведоа со 0:1. Оваа предност гостите ја чуваа се до 53 минута кога Фернал изедначи на 1:1. Пет минути подоцна Витни донесе водство за Стирлинг Македонија од 2:1. Фримeнтл во 66 минута изднача со голот на Меклин. Во завршницата следеа два брзи голови на Нелсон во 83` и Фернал во 85 минута за конечните 4:2.

Во сабота, на 20 април, Стирлинг Македонија гостува кај Флореат Атена со почеток во 17 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Вестерн Најтс | 13 |
| Флореат Атена | 10 |
| Олимпик Кингсвеј | 10 |
| Стирлинг Македонија | 9 |
| Перт Ред Стар | 8 |
| Перт Глори | 8 |
| Фримeнтл Сити | 7 |
| Бејсвотер Сити | 7 |
| Перт | 6 |
| Армадел | 3 |
| Балката | 2 |
| Инглвуд Јунајтед | 0 |



### НАЦИОНАЛНА ПРМЕИЕР ЛИГА НА СЕВЕРЕН НЈВ, 7 КОЛО

## Бродмедоу Маџик – Ламбтон Џафас 2:3



Средба на две екипи кои се на самиот врв од лигата и во која за жал славеше Ламбтон Џафас. Почетокот беше надежен за нашата Бродмедоу Маџик и дојде до водство од 2:0 со головите на Велс во 11` и Роуз во 23 минута. Пред крајот на првото полувреме Хеј во 45 минута намали на 2:1.

Во вториот дел клучен беше моментот кога гостите добија пенал од кој преку Петит во 86 минута изедначија на 2:2. А во завршницата, во 90 минута Бонд го постигна победничкиот гол за Ламбтон од 2:3.

Во недела, на 21 април, Бродмедоу Маџик ја пречекува екипата на Маитланд со почеток во 14:30 часот.



**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА НЈВ, 10 КОЛО**

# Рокдаел Илинден – Сиднеј Олимпик 3:2



Добра игра и уште еден успех за "комитите", кои од почеток до крај играа за освојување на трите бода. Само што започна средбата, во 6 минута Брејден Сорџ ја затресе мрежата за водство од 1:0. Гостите успеаја да изедначат преку пенал во 21 минута, а прецизен егзекутор на најстрогата казна беше Рој О`Донован за 1:1. Тоа само повеќе ги мотивира играчите на Рокдаел Илинден и во 32 минута Брендан Чолакијан повторно донесе водство од 2:1. Пред крај на првото полувреме како стрелец се запиша и Локи Констабл во 37 минута за 3:1.

Во второто полувреме воопшто не беше доведена во прашање победата и Олимпик својот втор гол го постигна во 92 минута повторно преку О`Донован за конечните 3:2. Сега Рокделе Илинден е на второто место зад подмладокот на Вестерн Сиднеј Вондерерс.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Вестер Сиднеј Вондерерс | 27 |
| Рокдаел Илинден | 23 |
| Маркони | 22 |
| Блектаун Сити | 21 |
| АПИА Лејкард | 19 |
| Сиднеј Јунајтед | 17 |
| Волонгонг Вулвс | 14 |
| Сент Џорџ Сити | 14 |
| Сиднеј Олимпик | 12 |
| Сент Џорџ Саинтс | 10 |
| НЈВ Спирит | 9 |
| Хилс Брамби | 9 |
| Сиднеј | 8 |
| Сатерланд | 8 |
| Манли Јунајтед | 6 |
| Централ Кост Маринерс | 4 |

Во недела, на 21 април, Рокдаел Илинден гостува кај АПИА Леикард со почеток во 16:30 часот.

# САД со најсилниот тим ќе играат на Олимписките игри



Добро упатениот медиум „ЕСПН" го откри списокот на кошаркари за кои веќе Стив Кер се реши дека ќе ги носи со олимписката репрезентација на САД во Париз. Нема сомнеж дека одново Американците се враќаат како прв фаворит, откако на претходниот Мундијал останаа дури и без медал.

Кер овојпат нема да препушти ништо на случајност и во Париз на Олимписките игри ќе носи страшен „дрим-тим". Според „ЕСПН", тренерот на Голден Стејт и селектор на САД веќе се одлучил за 11 од 12 места на списокот за турнирот.

Во составот засега се потврдени: Стеф Кари, Леброн Џејмс, Кевин Дурент, Џејсон Тејтум, Џоел Ембид, Девин Букер, Тајрес Халибартон, Ентони Едвардс, Џру Холидеј, Бем Адебајо и Ентони Дејвис.

Кошаркарскиот турнир на Олимписките игри во Париз се игра од 27 јули до 11 август. САД е во групата Ц со Србија, Јужен Судан и уште еден квалификант. Првиот натпревар на САД е против Србија на 28 јули.

# Дончиќ – прв европеец со титулата за најдобар стрелец во НБА



Лука Дончиќ - суперѕвездата на Далас Маверикс - влезе во историјата на НБА лигата како прв европски кошаркар кој ја завршил сезоната како најдобар стрелец.

Словенецот просечно постигнуваше по 33,9 поени на натпревар и „ја оддува" конкуренцијата имајќи предвид дека на второто место заврши Јанис Адетокунбо со 30,4, а трет е Шеј Гилџес-Александер со 30,3 поени по натпревар.

Покрај феноменалниот поентерески ефект Дончиќ има просек и од 9,8 асистенции и 9,2 скока по натпревар.

Во исто време, тој е најмлад играч што ја освојува титула за најдобар стрелец во последните 12 години, по Кевин Дурант во 2012.

Во последните 30 години само Џејмс Харден и Коби Брајант имале подобри поентерски сезони од Дончиќ, првиот во два наврата (36,1 и 34,3), а вториот еднаш (35,4).

Само уште еден кошаркар кој не потекнува од САД некогаш бил најдобар стрелец во основниот дел од сезоната – Жоел Ембид од Камерун.

**СОМНИТЕЛНА ЗДЕЛКА ОД РЕЧИСИ 76 МИЛИОНИ ФУНТИ**

# Сопствениците на Челси сами на себе си продале два хотела за да се спасат од одземање на бодови



Откако сопственоста на Челси премина во рацете на конзорциум предводен од Тод Боули, „сините" трошеа како никој друг и одвоија повеќе 1 милијарда фунти на нови играчи.

И покрај тоа што се потпишуваа долгогодишни договори за сумата да се амортизира на подолг рок, „сините" бележат големи загуби и ризикуваат да ги прекршат правилата за Финансиски фер плеј, а со тоа и да им бидат одземени бодови.

Последните информации сигурно нема да им се допаднат на ривалите: Челси продал два хотела за речиси 76 милиони фунти со цел да ги намали загубите.

Сомнително е тоа што компанијата која ги купува хотелите е во сопственост на Тод Боули и неговите соработници, па испаѓа дека тие сами на себе си продаваат.

# ИХФ ГИ ОБЈАВИ ДОМАЌИНИТЕ НА СП ВО 2029 И 2031 ГОДИНА

На вонреден конгрес на Светската ракометна федерација ИХФ, одржан во францускиот Кретиј, беа одредени и домаќините на следните две светски првества во машка конкуренција.

Франција заедно со Германија ја доби организацијата на изданието во 2029 година, додека по повлекувањето на кандидатурата на Саудиска Арабија светското првенство во 2031 година ќе биде во Скандинавија со три земји организатори: Данска, Исланд и Норвешка. Се шпекулира дека воведниот натпревар на СП 2029 година би можел да се одржи во арената Нантер со 40.000 места.

Последното Светско првенство за ракометари се одржа минатата година во Шведска и Полска, а селекцијата на Данска во финалето ја победи Франција.

Светското првенство за ракометарки во 2029 ќе се одржи во Шпанија, додека домаќини на женскиот ракометен Мундијал во 2031 ќе бидат Чешка и Полска.




Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски Днес
СПОРТ
ISSN 1442-195X




# Ф1 ГО ОБЈАВИ КАЛЕНДАРОТ ЗА 2025: СЕЗОНАТА ЌЕ ЗАПОЧНЕ ВО МЕЛБУРН

Следната сезона во Формула 1 ќе започне во март 2025 година со Големата награда на Австралија во Мелбурн.

Формула 1 го објави календарот на натпревари со 24 трки во сезоната во која ќе го прослави 75. роденден.

Сезоната ќе започне на 16 март на Мелбурн Парк, со трката за Големата награда на Австралија. Организаторите воведоа промени во однос на оваа година, бидејќи во март 2025 година е муслиманскиот празник Рамазан, па беше одлучено тој месец да не се возат трки во Бахреин и Саудиска Арабија, како што беше случај оваа сезона.

Втората трка од шампионатот 2025 година ќе се вози во Кина на 23 март, Јапонското ГП е на 6 април, а седум дена подоцна е трката во Бахреин.

Големата награда на Саудиска Арабија е закажана за 20 април, Мајами на 4 мај, две недели подоцна Големата награда на Реџо Емилија и потоа Монако на 25 мај.

Трката во Шпанија ќе се вози на 1 јуни, во Канада на 15 јуни, а во Австрија на 29 јуни.

Големата награда на Британија е на 6 јули, Белгија на 27 јули и Големата награда на Унгарија на Хунгароринг е на 3 август, по што следи пауза во првенството.

Натпреварувањето ќе продолжи на 31 август со трка во Холандија, на 7 септември е планирана трка во Италија, а на 21 септември во Азербејџан.

Во октомври ќе се одржат три трки, на 5 октомври во Сингапур, на 19 октомври во САД и на 26 октомври во Мексико.

Трката во Бразил е на 9 ноември, трката во Лас Вегас е на 22 ноември, Катар е седум дена подоцна и сезоната завршува на 7 декември со Абу Даби.

# СИМОНС НЕМА ДА ИГРА НА ОЛИМПИСКИТЕ ИГРИ

Селекторот на австралиската репрезентација Брајан Горџијан го објави поширокиот список на кошаркари на кои смета за Олимписките игри, а на него го нема еден од најдпознатите играчи од Австралија во моментов Бен Симонс.

И покрај тоа што членот на Бруклин Нетс е повреден речиси цела сезона и одигра само 15 натпревари, многумина очекуваа тој да биде со националниот тим во Париз, особено поради тоа што Горџијан неодамна изјави дека видел желба кај него да ја предводи репрезентацијата. Интересно е тоа што Симонс последен пат играше за репрезентацијата во 2013 година на континенталното првенство, на последните Олимписки игри, во Париз не настапи затоа што сакал да се посвети на индивидуалната работа, а Светското првенство во 2023 година го пропушти поради повредата.

На поширокиот список на австралиската репрезентација има 22 кошаркара од кои десетмина играа во Токио. Финалните 12 ќе бидат познати пред почетокот на подготовките во јули. На Олимписките игри, Австралија е во групата А, со Канада и два квалификанти кои можат да бидат Грција, Шпанија, Словенија или Хрватска.




